СПИСАНИЕ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА
УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

# БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД

Бр. 21-22
2008.



# ПРОМОЦИЈА НА ДВЕ ИСТОРИОГРАФСКИ ДЕЛА





*Од страна на Министерството за култура и образованието на РМ за годината одобрени*

# ДВАЕСЕТТИНА ПРОЕКТИ ЗА БИБЛИОТЕКАТА

*По конкурсот на Клубот на писатели "Стале Попов", "Ајакс" и работилницата "Пат за зборот"*

# ИЗБОР НА 37 НОВИ РАКОПИСИ



*Литературна средба со писателката Елка Вакарова*

## ПРОМОЦИЈА НА КНИГАТА "НИЕ"

*Во холот на НУБ "Св. Климент Охридски"*

# ИЗЛОЖЕНИ ДЕЛА ОД ГРИГОР ПРЛИЧЕВ



"БИТОЛСКИ ВЕСНИК" 16 АПРИЛ 2008

# ДВЕ ИЗЛОЖБИ НА





"БИТОЛСКИ ВЕСНИК" 30 ЈАНУАРИ 2008

БИБЛИОТЕЧЕН ТРЕНД
СПИСАНИЕ НА
НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
БИТОЛА

*

**Издавач**
Националната установа
Универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Битола
ул. Ленинова 39

*

**За издавачот**
Науме Ѓоргиевски, директор

*

**Издвачки совет:**
д-р Николче Вељановски, претседател
Јоланда Бошевска
Гордана Марковска

*

**Главен и одговорен уредник**
д-р Николче Вељановски

*

**Редакција:**
д-р Николче Вељановски
Јоланда Бошевска
Илче Стојановски

*

**Лектура и коректура**
Здравко Божиновски

*

**Фотографии**
Маријан Котевски

*

**Компјутерска обработка и печат**
МИКЕНА, Битола

*

**Тираж**
300 примероци

**ISSN 1409–9497**

Тел.: 047/220-208;
Тел./факс: 047/220-515;
Тел. на Изд.: 232-999
www.nuubbt.uklo.edu.mk
e-mail: nuubbt@uklo.edu.mk

# СОДРЖИНА

**БИБЛИОТЕКАТА - ОД ИДЕЈА ДО РЕАЛИЗАЦИЈА**

МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА МЕЃУ БИБЛИОТЕКИТЕ ОД БИТОЛА И СПЛИТ
*Ленче Андоновска* . . . . . 2

СОРАБОТКАСО БИБЛИОТЕКАТА „МАРКО МАРУЛИЌ“ - СПЛИТ
*Николче Вељановски* . . . . . 4

ИЗЛОЖБАТА „МАКЕДОНИЈА ОД АНТИКАТА ДО ДЕНЕС“ ВО СОФИЈА
*Илче Стојановски* . . . . . 5

ПОСЕТА НА БИБЛИОТЕКАРИ ОД ДОЛНОШЛОНСКАТА ЈАВНА БИБЛИОТЕКА „ТАДЕУШ МИКУЛСКИ“ ОД ВРОЦЛАВ, ПОЛСКА
*Марија Малгожата Мачковска* . . . . . *6*

КОНЗЕРВАЦИЈА И РЕСТАВРАЦИЈА НА СТАРАТА ЗГРАДА НА НУУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА
*Ленче Андоновска* . . . . . *8*

35-ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БДМ
*Николче Вељановски* . . . . . *9*

**БИБЛИОТЕКАТА НИЗ ОДДЕЛИ И АКТИВНОСТИ**

ТРЕТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИ ПИСАТЕЛИ НА МАКЕДОНИЈА
*Николче Вељановски* . . . . . 10

СРЕДБА СО АЈРИ ДЕМИРОВСКИ - . . . . . 15

ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ИЗЛОЖБИ, ПРОМОЦИИ, ПРЕДАВАЊА
*Драги Кабровски* . . . . . 16

ОД ОДДЕЛОТ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ
*Гордана Марковска* . . . . . 22

ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА - БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ
*Стеванка Петковска* . . . . . 22

ОСВРТ КОН ДЕЛОТО „НАЈГОЛЕМОТО ЧУДО НА СВЕТОТ“ ОД ОГ МАНДИНО
*Николче Вељановски* . . . . . 23

КИНЕСКИОТ ЅИД
*Лидија Мирчевска* . . . . . 24

**РЕЦЕНЗИИ**

„40 ПОКЛОНЕНИЈА НА ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ФИЛОЗОФ ВО РИМ“
*Рецензент Анета Стефановска* . . . . . 25

РЕЦЕНЗИЈА НА КНИГАТА „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
*Рецензент Николче Вељановски* . . . . . *26*

КОН СТИХОЗБИРКАТА „КОГА ТЕ МОЛЕВ ДА ПОРАСНЕШ“ ОД МЛАДИОТ ПОЕТ ИВАН АНТОНОВСКИ
*Рецензент Вера Стојчевска Антиќ* . . . . . *28*

**ПОВОД ЗА ДА ВИ ГО ПРЕТСТАВИМЕ...**

ПОВИК ДО ПАТНИКОТ 366 - Петре Димовски . . . . . 30

**КУЛТУРА... . БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ**

# Меѓународна соработка меѓу библиотеките од Битола и Сплит



*Приредила*
*Ленче Андоновска, виш библиотекар и раководител на Проектот*

Секоја културна институција се стреми, што повеќе да ја развива меѓународната културна соработка за поголема афирмација како установата така и на Република Македонија.

Министерството за култура за 2008 година го одобри проектот за меѓународна соработка меѓу НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола и Библиотеката „Марко Марулиќ“ – Сплит, Р. Хрватска.

Замислата и амбицијата за реализација на еден ваков проект беше да се претставаат дел од македонските писатели со посебен акцент на писателите од Битолскиот крај и нивните дела.

За реализација на наведениот проект посебно треба да ја истакнеме поддршката од Почесниот конзул на Република Хрватска во Битола др.сц.Бранко Маретиќ, кој даде голем придонес во воспоставувањето на контактите и соработката.

Следеа поголем број на разговори меѓу Библиотеката од Битола, Библиотеката од Сплит и Конзулатот на Р. Хрватска во Битола.

После успешно водените преговори наша делегација, во периодот од 17.04 – 20.04.2008 година, ја посети Библиотеката „Марко Марулиќ“ од Сплит Р. Хрватска.

Од страна на домаќините бевме срдечно примени.

Следеше воведно излагање на раководителот на Проектот г-ѓа Ленче Андоновска, на тема „Патот на Библиотеката од нејзините корени до современите текови“.



Беше поставена изложба на тема „Книжевното наследство на Република Македонија“, во холот на Библиотеката. Изложбата ја поздравија директорката на Библиотеката и заменикот градоначалник на Сплит, кои посакаа соработката да продолжи и да стане традиционална.



Осврт за книжевното наследство на Македонија даде директорот на НУУБ – Битола, г-дин Науме Ѓоргиевски.

На видео бим беа презентирани во кратки црти, податоци за Република Македонија, Општината Битола со нејзините 10 конзулати и карактеристиките на Националната установа – Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола.

Во преполниот хол на Библиотеката во Сплит, изложбата за отворена ја прогласи пратеничката во Парламентот на РМ, г-ѓа Анета Стефановска. Изложените книги во Библиотеката, околу 300 на број, им беа оставени како подарок на Библиотеката од Сплит во



знак на добрата соработка и нејзино продолжување.

Од страна на домаќините ни беше укажано големо внимание и ни беше организиран настап на локалната телевизија „Канал 5" од Сплит, на кој се разговараше на повеќе теми, а нашите изјави беа преведувани на хрватски јазик од страна на Конзулот на Р. Хрватска во Битола. Емисијата се емитуваше повеќе пати во текот на денот низ целата седмица.

Ја разгледавме новата Библиотеката и еден нивни клон што можеме да истакнеме дека се работи за една нова Библиотека во која само пред неколку месеци, пред нашиот престој, вработените се преселиле и сè е направено по стандардите. Таа треба да ни послужи како пример, како треба да се вложува во библиотекарството.

Стручниот тим на Библиотеката од Сплит истакнаа дека државата и градовите се многу заинтересирани за отворање на нови библиотеки и дека во Р. Хрватска многу се вложува во библиотекарството.

Го посетивме Македонско – хрватското друштво од Сплит. Разговаравме на повеќе теми и им подаривме еден скромен дел од книгите што ги носевме за Изложбата.

Наидовме на срдечен прием од страна на претседателот и членовите на Македонско – хрватското друштво од Сплит, и беше истакната желбата за продлабочување на соработката. Со насолзени очи членовите на Друштвото не испратија, но беа пресреќни за посетата со желба дека нема да остане само на таа средба.

Во текот на месец септември очекуваме делегација од Библиотеката „Марко Марулиќ" – Сплит Р. Хрватска да не посети во Битола и ние да им ја возвратиме гостопримливоста и да ги запознаеме со нашите културни добра.

На овој начин се потврдува заложбата на Министерството за култура за поосмислена и поинтензивна соработка во уметничкото творештво, со посебни приоритети за секоја дејност (библиотечната, издавачката, музичката, драмската, кинематографската, и галериската дејност). Ширењето на меѓународната соработка меѓу културните институции е добар знак за претставување на нашата држава со сè она што го има на располагање, а особено што Република Македонија поседува културно наследство со такви вредности и карактеристики кои се впишани во листата на светското природно и културно наследство.

Успешното реализирање на наведениот проект овозможи развој на културата односно на пишаниот збор кој придонесе за унапредување на врските меѓу библиотеките од Битола и Сплит на полето на културната размена.

Библиотеките како храм на книгата и како светилиште на научната мисла покажаа и докажаа дека се моќен фактор во презентацијата на културното наследство на Република Македонија.



# СОРАБОТКА СО БИБЛИОТЕКАТА „МАРКО МАРУЛИЌ“ – СПЛИТ



*Приредил, Николче Вељановски*
*библиотекар советник*

Наш соговорник и водич – Весна Михановиќ (во средината), раководител на развојната и матичната служба за цела Жупанија.

Одделот за возрасни и деца на Градската библиотека „Марко Марулиќ“ во Сплит има околу 40000 книги, но бидејќи се на широк простор, изгледаат повеќе. Вкупно 2700 м2( 400 м2 + 450 м2 детски и оддел за возрасни). Има политика за градење и реновирање на библиотеките. Се започна со библиотеката во Задар, која пострада во војната, ни рече Весна, а потоа Шибеник, Вараждин и т.н. Во нашата Жупанија има 11 библиотеки. Компјутерскиот систем за сите библиотеки го одржува посебна фирма.

Книгите се наредени по области, а во областите се наредени по УДК. Сите книги постари од 1995 година се сместени на долниот кат. Претпоставивме дека за постарите книги има помала побарувачка со некои исклучоци, на пр. во психологијата, делата на Фројд итн. Просторот со висечки сталажи за ДВД отворен е за читателите двапати, по неколку часа дневно. Има околу 1500 дискови. Се обработуваат надвор од библиотеката како и другиот библиотечен материјал. Има и просторија за дигитализација на библиотечниот материјал, но сè уште не е отворена. Посебно внимание се посветува на луѓето со посебни потреби. Постои компјутер за слепи, како и зтоматизирано самозадолжување со книгите.



Детскиот оддел има катче за бебињата. Има книги за родители. Сликовници. Постои и посебен простор за самостојна работа на компјутер. Мебелот во овој оддел е во розева боја, а на горниот кат во сина боја.

Библиотеката Бродарица е сместена на 9-ти спрат на еден облакодер, односно на 400 м2 најсовремен библиотечен простор, со поглед на цел Сплит. Мебелот е со италијански дизајн. Погледот е на брдото „Марјан“, Катедралата „Свети Дуе“ и на морето.

Новата универзитетска библиотека која е сместена на 15000 м2 се очекува да биде отворена на почетокот од годината. Во Хрватска има шест универзитетски библиотеки. Националната библиотека е во Загреб.









# ИЗЛОЖБАТА „МАКЕДОНИЈА ОД АНТИКАТА ДО ДЕНЕС“ ВО СОФИЈА

*Приредил*
*Илче Стојановски*

Во организација на Културно-информативниот центар на Р. Македонија во Софија, Р. Бугарија и НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 26 јуни во 19 часот, во просториите на КИЦ беше отворена изложба на книги „Македонија од антиката до денес“. Изложбата беше претходно подготвена од претставниците на Библиотеката, Илче Стојановски и Благоја Бошевски. Во присуство на директорката на КИЦ, г-ѓа Доста Димовска, Илче Стојановски ја отвори изложбата.

На изложбата беа претставени 300 книги, подредени хронолошки и тематски кои опфаќаа најразлични временски периоди од историјата на Македонија, од античко време, преку средниот век, па се до денес.

Отворањето на изложбата беше проследено со видео-презентација на тема: „Ден во Македонија“. Таа предизвика интерес кај посетителите кои со особено внимание ги разгледуваа книгите. Изложбата траеше до 20 јули, а изложените книги останаа во сопственост на КИЦ.





# Посета на библиотекари од Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав, Полска



*Приредила, Марија Малгожата Мачковска, виш библиотекар*



Оваа пролет НУ Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола со поддршка на Министерството за култура на РМ успеа да реализира проект за меѓународна соработка. Реализацијата на проектот „Македонско-полска соработка на библиотеките од Битола и Вроцлав“ беше предвидена во две фази: посета на Битола од библиотекари од Вроцлав и посета на библиотекари од Битола во вроцлавската библиотека.

Првата фаза од проектот е веќе реализирана во периодот од 14 до 18 мај 2008 г. Во посета на Битола пристигнаа тројца претставници од Долношлонската јавна библиотека „Тадеуш Микулски“ од Вроцлав – директорот на Библиотеката, Анџеј Тивс, заменик директорот Јоланта Убовска и раководителот на Одделот за набавка и обработка на библиотечен материјал, Уршула Скониечна.

Престојот на гостите во Битола беше исполнет со повеке разновидни активности. Првиот ден од нивната посета беше одбележан со отворање изложба во холот на НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, под наслов „Полската книжевност во минатото и денес“. Изложбата претставуваше дел од богатата историја на полската книжевност прикажана низ обемна библиотечна збирка на книги од полски автори, издадени на полски, македонски, српски и хрватски јазик, а исто така и списанија на полски и македонски јазик.



Наредниот ден библиотекарите од Вроцлав се запознаа со работењето и активностите на битолската библиотека . Ги посетија сите оддели на Библиотеката, се запознаа со процесите на библиотечното работење, а исто така воспоставија непосреден контакт со сите вработени. Гостите од Полска се интересираа за начините на современото работење во нашата установа, за компјутеризацијата на библиотечните процеси, автоматизацијата



на библиотеките од југозападниот регион на РМ, реализацијата на проектите, издавачката дејност на Библиотеката, начините на работа со читателите, соработката на нашата институција со битолскиот Универзитет, училиштата и другите културни институции во градот.

По завршувањето на работниот дел од престојот, во попладневните часови гостите посетија повеќе културно-историски знаменитости во Битола: античкиот град Хераклеја Линкестис, Саат Кулата, црквата „Св. Димитрија“, католичката црква, Магазата, Безистенот, Старата Чаршија, галеријата „Јени Џамија“, Музејот, а исто така и Националниот парк „Пелистер“.

Гостите беа импресионирани од битолската архитектура, од историските споменици и убавините на Пелистер. Особен впечаток им остави отвореноста и срдечноста на луѓето со кои се сретнуваа, како и разновидноста и одличниот вкус на македнската храна.

Следниот ден гостите ја посетија Градската библиотека „Борка Талески“ и библиотеката на Институтот за старословенска култура во Прилеп. Во двете установи библиотекарите од Полска се запознаа со нивното функционирање, разгледаа изложби на книги од полски автори, водеа разговори за развивање на соработката меѓу полски и македонски културни установи. Во Прилеп гостите ја разгледаа богатата и многу интересна збирка на експонати во Музејот на тутунот, го посетија прекрасниот манастир „Св. Архангел“ кај Марковите Кули и Старата Чаршија.

Последниот ден од посетата беше посветен на запознавање со знаменитостите на Охридско-преспанскиот регион: црквите „Св. Наум“, „Св. Богородица“ „Перивлепта“, „Св. Климент“, „Св. Јован – Канео“, „Св. Софија“, амфитеатарот, тврдината, стариот град во Охрид. Сите тие прекрасни места, како и убавината на Националниот парк Галичица, Преспанското и Охридското Езеро оставија силен впечаток на гостите од Полска.

За време на престојот во Македонија, библиотекарите од Долношлонската јавна библиотека од Вроцлав воспоствија одлична соработка со НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ од Битола и други библиотеки. Директорот на ДЈБ, Анджеј Тивс, изјави дека во вроцлавската библиотека наскоро ќе се оформи збирка на македонската литература во чиј состав, на почетокот, ќе влезат книги донирани од страна на македонските институции.

Планирана е натамошна интензивна соработка на двете иснтитуции на сите полиња од библиотекарското работење. Во прилог на оваа соработка следува реализација на вториот дел од проектот кој предвидува посета на делегација од битолската библиотека во ДЈБ во Вроцлав, наесен оваа година.



# Конзервација и реставрација на старата зграда на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

*Приредила Ленче Андоновска,*
*виш библиотекар и раководител на проектот*



Националната установа – Универзитетска библиотека „Св.Климент Охридски“ – Битола е лоцирана во строгиот центар на градот на ул.Ленинова бр.,39 во Битола. Сместена е во два функционално поврзани објекти, стар и нов објект.

Стариот објект од зградата претставува споменик на културата утврден со Решение бр.266 од 03.03.1978 година, издадено од „Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости и музеј“ - Битола. Објектот влегува во состав на зона А од заштитеното градско јадро на Битола. Спомениците на културата од историски и културолошки аспект претставуваат израз и потврда на универзалните вредности што постоеле на овие простори.

Поради тоа една од примарните грижи на државата е и заштитата и чувањето на движното и недвижното културно богатство, пред неговото ставање во функција на севкупниот развој.

На Конкурсот за учество во финансирање на програми и проекти од национален интерес за 2008 година, објавен во јуни 2007 година, конкурираме со проект „Конзервација и реставрација на стариот дел од зградата на Библиотеката. Раководители на наведениот проект се Анета Стефановска, Науме Ѓоргиевски и Ленче Андоновска.

Наидовме на големо разбирање од страна на Министерството за култура и истиот беше одобрен во износ од 2,5 милиони денари.

Објектот е изграден кон крајот на 19 век од познатата трговска фамилија Пиника, како објект со просветно-социјален карактер. По Првата светска војна, објектот е подарен на црквата, како објект кој ќе влегува во склоп на службените простории на Богословијата.Во 1913 година на овој објект кој е составен од високо приземје, додаден е и кат. Според стилските карактеристики објектот е претставник на еклектицизмот, со хармонична и симетрична низа на отвори, како и карактеристични застаклени еркерни испусти на северната фасада. Објектот е по катови поделен со богати хоризонтални венци, додека второстепената пластика е застапена и околу сите отвори на фасадата, и се менува од кат до кат. Во приземјето цоклето е од делкан камен. Правецот на носивите ѕидови е назначен во вид на столбови од второстепена пластика, кои на приземјето се од делкан камен, за на катовите да премине во различно профилирана пластика од фасаден малтер.

Фасадата беше во многу лоша состојба, на многу места слоевите од малер и боја беа испукани и излупени, а на многу места малтерот беше оштетен или отпаднат и се гледаа тулите од ѕидните површини кои доаѓаа во допир со хоризонталните и вертикалните олуци.

Во месец март отпочна процедурата за јавната набавка за конзервација и реставрација на стариот дел од зградата на Библиотеката, и по успешно завршената јавна набавка за најповолен економски оператор е избран ДООЕЛ „Коцоски Компани“, од Вевчани.

Избраниот изведувач со своите мајстори имаат долгогодишно искуство за ваков вид градежни работи, каде што индивидуалната стручност на секој мајстор поединечно мора да биде вклопена односно резултира производ на ви-

сока уметничка вредност со што ќе се истакнат архитектонско – стилските карактерисики на објектот и ќе го отсликаат периодот во кој бил создаден. Денес слободно можеме да истакнеме дека е големо задоволството на сите нас вработените во Библиотеката, граѓаните на Општина Битола, Република Македонија и на секој минувач.

На крајот сакам да ја истакнам големата благодарност кон Министерството за култура за одобрениот проект што ни овозможи ваков зафат кој е благодет за сите нас како граѓани на Република Македонија и да покажеме како треба да се води грижа за заштитата на културните споменици.



# 35-ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БДМ

*Приредил, Николче Вељановски*
*библиотекар советник*

Битола беше домаќин на средбата на македонските библиотекари. Дводневното Годишно собрание на членовите на Библиотекарското друштво на Македонија се одржа на 22 и 23 мај. Првиот работен ден го одржаа во салата за промоции на Библиотеката. Меѓу гостите кои го поздравија Собранието беа градоначалникот на Битола, г-дин Владимир Талески и пратеничката во Парламентот, г-ѓа Анета Стефановска, а со работниот дел заседаваше претседателката на БДМ, д-р Сузана Котовчевска. Директорот на НУУБ – Скопје, г-дин Миле Бошески зборуваше за актуелните законски недоследности и потребата од носење нов ревидиран и дополнет закон. Вечерта беше организирана свечена вечера за сите членови во организација на БДМ и Општината Битола.

На вториот работен ден кој се одржа во салата на хотелот „Молика“ на Пелистер, беа избрани седум нови членови на Извршниот одбор на БДМ и другите тела. За претставник во Претседателството на Извршниот одбор од НУУБ – Битола беше избран д-р Николче Вељановски.





# ТРЕТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА



*Приредил, Николче Вељановски*
*библиотекар советник*



На 22 мај, трет пат по ред Библиотеката беше домаќин на Роднокрајната средба на битолските писатели од Македонија. Овој пат, ги немаше ниту Петре М. Андреевски ниту Јозо Т. Бошковски. Оваа година беа поканети уште тројца млади писатели и поетеси: Весна Ефтимовска Сотировска, Весна Велјановска Мундишевска и Мирјана Стојановска Палигора. Поканет беше и проф. д-р Благоја Брајановски. Сите учествуваа со своите текстови и следниот ден на **Тркалезната маса** на тема **„Главниот лик – проекција на авторовата визија“.**

На почетокот имавме мала дискусија во која збор зедоа Димитар Башевски, Христо Петрески, Благоја Брајановски и Цане Здравковски. Се постави прашањето за некои работи во организирањето на Средбата во однос на посетеноста на првиот ден на средбата, кога беше претставувањето на писателите пред читателската публика. Беше предложено секоја година да се претставуваат барем по неколку автори, со нивна биографија, или пак тоа претставување да биде во некое училиште или на друго место. Исто така постоеше забелешка Тркалезната маса да не биде од затворен тип, туку да биде во салата за промоции пред читателите, па кој сака да може да ги слуша излагањата.



Првиот ден беше организирана вечера во хотелот „Молика“, во чест на сите учесници, но сепак падна и една критика за поголем респект кон писателите во официјалниот дел пред почетокот на Тркалезната маса, од страна на организаторот.

Како и да е, потребна е поголема сериозност од двете страни и да се почитуваат правилата и роковите

за текстовите. Како организатори свесни сме дека сите роднокрајни писатели не се на исто ниво, но нас не ни е целта некои да ги навредиме за сметка на другите и обратно, а целта ни е ова дружење со роднокрајните писатели да заживее и премине во традиционално. Ако можеше еден Петре М. Андреевски и во лоша здравствена состојба да биде присутен на Средбата, зошто некому да биде под чест затоа што во групата имало и помалку познати автори. Како организатори се обидовме да поставиме некои критериуми според кои ги покануваме писателите. Се одлучивме главен критериум да биде членството во Друштвото на писатели на Македонија, но секогаш покануваме и по некој друг, како што тоа беше случај оваа година. Некои од оние кои не се членови на ДПМ не треба да бидат засегнати, ако наредниот пат не бидат поканети, а на нивно место дојдат нови автори. Сепак од одредени причини на организаторот бројот на учесниците е ограничен на околу петнаесет до дваесет автори.



**Димитар Башевски**

## ГЛАВНИОТ ЛИК – ПРОЕКЦИЈА НА АВТОРОВАТА ВИЗИЈА



Се разбира, својата визија или слика за животот или идеја, писателот ја реализира преку своите ликови. Главниот е еден од нив и, како главен, би требало да ја носи главната тежина во таа реализација. Притоа, тука не станува збор за негово, по секоја цена, најголемо материјално присуство во романот, туку негово присуство баш како фокус во кој се концентрира авторовата визија.

Не може да се порекне дека вистинските луѓе можат да послужат како искра, но штом еднаш влезат во книгата, настапува голема промена. Знаеме дека многу големи писатели, па и ние, сме имале или имаме примери во конкретни луѓе (кај мене во *Бунар,* некои епизодни личности имаат или би можело да се рече дека имаат пандани во стварноста; во *Братот* такви пандани нема, тие ликови се измислени, односно ликови кои ги формирала колективната свест, слично е и со ликовите во *Враќање* и *Нема смрт додека ѕвони*).

**Проф. д-р Благоја Брајановски**

## ОНА ШТО НЕ СЕ ЗНАЕ – Е ВИСТИНСКОТО СФАЌАЊЕ

(Повод: ликот на Трајан во романот „ПЕСНА ОТПЕАНА“ од Благоја Брајановски)

Авторот, кога зборува на оваа тема, повеќе се осврнува на она што „не се гледа“ во романот; она што е зад завесата, во она во што



можеби и лежи „зајакот“ – суштината на пораката на авторот (а оставено е самиот читател да го стори тоа, доколку читателот делото не го подразбира само како збир на редоследни настани и, дека друго ништо не останува од она што е претставено во делото (*во она што не се знае, всушност лежи вистинското сфаќање на проблемот*), но кој заради најразлични причини, најчесто водејќи сметка за моменталните морални, општествени и слични норми во времето на пишувањето на романот, свесно нив јавно не ги обелоденил, пред сè, под диктатот на едно Време.

**Петре Димовски**

## КОСМИЧКАТА ВИЗИЈА НА АВТОРОТ



Главниот лик во секое мое дело е наполно моја креација, мое видување, моја визија, преку која е изнесена мојата идеја што во тој миг ме преокупирала и се наметнала за да ја поставам и изнесам; тоа се моите сфаќања, моите сознанија, моите познавања, погледите на светот, мојата филозофија. Тоа е наполно мој проект, мој начин на изразување.

Колку таа визија ќе ја пренесам на ликот зависи исклучително од мојата вештина на уметничко изразување, од моето животно и творечко искуство, од силата на имагинацијата со која ме презел чинот на создавање.

Тоа е еден мал космос во мојата меморија, кој има свои правила на кои се потчинува, законитости по кои се управува, орбита по која се движи. И гравитација која го држи во светот на моите барања и очекувања.

**Весна Ефтимова – Сотировска**

## УМЕТНИЧКАТА ЛИТЕРАТУРА - ФОРМА НА ИНТЕРПРЕТИРАЊЕ НА СВЕТОТ

Уметничкото творештво е облик на толкување на светот. Толкувајќи го светот човекот се толкува себе си, па оттука книжевноста е толкување на човекот. Литературните приказни и животните истории не се исклучуваат, туку се надополнуваат. Приказната му припаѓа на животот пред да се протера од животот во пишувањето и повторно се враќа назад во животот по пат на присвојување. Преку приказната се толкува светот. Таа е чин, таа е сведоштво преку кое се искажува светот. Приказната не се раскажува сама, таа треба да биде раскажана, во тој миг на искажување навира сеќавањето, навираат живите слики и емоциите. Со тоа што ќе се искажат тие ќе се запаметат (јазикот е меморија, она што не е запишано има шанси да се подзаборави, пред да се освести во збор), јазикот помни и против нашата волја.

**Д-р Цане Здравковски**

## МОИТЕ ЈУНАЦИ

Севкупното мое прозно творештво, всушност, е своевидна автобиографија. Неа ја почнав уште во



далечната 1956 година со првиот објавен расказ „Недоизреченост“, посветена на младешката непостојаност да не речам и неверност, во времето на студентските години кога младите момчиња лесно „скокаат“ „од трн на трн“, не оставајќи зад себе ни ронка лузна од таквиот „грев“. Така, всушност, започна растежот на првиот циклус раскази за пелагонискиот ороводец Андреја Цумковски, објавен во првата моја збирка раскази „Откорнувања“. За тоа симпатично момче не без занес, а сепак со многу искреност...

**Владимир Костов**

## АТРАКТИВЕН РЕАЛИЗАМ

Литературна визија проектирана во моето литературно творештво, е парадигма во ликот на Учителот од истоимениот роман што го сметам за роман – фокус во кој се имаат апсорбирано сите мои литературни идеи, вклучително и идејата за атрактивен реализам. Дисперзиран речиси во сите други мои романи, новели и раскази, тој модел може да се препознае и во ликот на Вујко од романот со ист наслов кој е пандан на Учителот, негова сатирично – параболична верзија, негова опачина преку која денес светот повеќе се пројавува отколку преку своето лице.

**Никола Кочовски**

## КАКО НИКНАЛЕ МОИТЕ ЛИКОВИ

Секој писател, творец во вистинската, кај нас усвоената смисла, пишувајќи за луѓето, за нивниот живот, за нивните односи меѓусебни, пишува всушност за она како ги сфаќа луѓето, како ги гледа, или како би сакал да ги види. Тоа е простата причина што зад секој создаден книжевен лик се крие авторот. Авторот со своето, некогаш, одобрување, или дури и потполно



согласување како со оживотворена слика која е поистоветеност со неговите сфаќања, погледи, а некогаш, пак, исто така, со своето неодобрување, давање можност да дојде до израз, евентуално, и сета опачина на она што е спротивност на неговите разбирања за животот и човекот во него.

**Панде Манојлов**

## ДА НЕ СЕ ОСТАНЕ ОТСУТЕН ЛИК ПРЕД БОГА

Од првите почетоци на моето творештво кои започнаа во познатата битолска Гимназија ( која во своето повеќедецениско постоење го менувала своето име за сега сè уште да се вика „Јосип Броз



– Тито"). Никогаш не сум сакал да бидам „контролиран" автор. Над сите „контроли" секогаш сум сакал да доминира моето „лично" и автетично незадоволство од општествените состојби и состојбата во која се наоѓала или наоѓа мојата татковина Македонија, макар истото било со низа слабости. Личната идентификација ми била гласноста на татковинската тема без поставување граници. Свет кој го обликував и во култните времиња на социјализмот, пустошењето на мојата татковина низ пустошот на селата низ селидбите и преселбите во стиховите на мојата дебитантска стихозбирка „Црвен немир во црвено пламти" (1971)

**Весна Мундишевска Велјановска**

## ИЗВОРОТ НА ЗБОРОТ

Поезијата не е само збор, не е само мисла, не е само тука, не е само таму и не е само вчера и не е само сега, таа е ерупција од слики беспросторно врамени, помалку од миг, а повеќе од вечност. Таа е никнување, немо бранување на нескротливи мечтаења и стварности. Поетот нурка во длабочините на космосот, трча по патеките на бескрајот неуморно трагајќи по збор ‡ извор непресушен.

Нема фајде од бркање на виножитото за да му се дофати крајот. Ќе останат само празни дланки, а тоа ќе исчезне итро во недоглед носејќи го денот во рајот. Вреди да се кршат клуновите копајќи по вонземски сводови ‡ ќе го додржи срцето многукратното распукување при учењето на нови падови. Треба да се воспева живеењето...

**Д-р Ѓорѓија Најдоски**

## ПРЕПОЗНАТЛИВОСТА НА МОИТЕ ЛИКОВИ

Не случајно бројни автори се дистанцираат од своите ликови преку фразата „настаните се автентични, ликовите се имагинарни“. Тоа е еден вид“отварање“ на творечката слобода од стегите на одредена догма во која ликот се трансформира во митска личност. Моите ликови размислуваат за Македонија како за минато и сегашност, како што и сегашноста за нив е веќе –минато, настојувајќи, и едните и другите, мегусебно да се надополнуваат во стремежите. Оттука, нашиот вакуум е толку голем што допрва, отсега, треба да се дословува. Секое премолчување е само своевидна неума,празнина. Од тие причини на писателот мора да му се верува во онаа мера колку што се разбрани неговите пораки.



**Христо Петрески**

## ГЛАВНИОТ ЛИК ЈАС ИЛИ ЈАС КАКО ГЛАВЕН ЛИК...

Што се однесува пак до моите книги, колку и да е тоа нескромно, факт е дека најчесто во нив е присутен авторот и тоа преку сопственото *искуство* презентирано преку главниот или некој од другите ликови. Јас ја сакам Јас-формата и не одбегнувам тоа директно и конкретно да го именувам. Но, бидејќи литературата е многу повеќе од лична исповед, од секојдневен запис, од реалистичен отслик и сувопарна фактографија, авторот го има и во неговата имагинација, фантазија, фикција.





Авторовата нарцисоидност и самобендисаност не е исклучена. Напротив. Но, при именувањето на некои еротски, ласцивни сцени, тоа редовно им се случува на некои *други* личности.

**Горјан Петровски**

## ЛИКОТ СО НЕОБИЧНО ИМЕ, НО СО МНОГУ ТОПЛИНА

Во моето творештво, ако не највпечатлив, тогаш барем најскокотлив лик е Споменка. Мотивираноста на името е очигледна – сеќавање и минливост, топлина и нежност, а скокотливоста е во тоа што читателите го врзуваат токму со мене, затоа што и приказната е пренесена преку јас-формата. Тоа име, тој лик – Споменка, од самиот почеток ми создава убави творечки моменти, топли и искрени, некогаш духовити... На средбите младите читатели ме прашуваат која е Споменка, дали сум ја сретнал, дали сè уште ја сакам... Премногу ја врзуваат со мене. Но и се интересираат дали мојата сопруга се лути затоа што пишувам за Споменка.

**Ѓорѓи Прчков**

## ПИСАТЕЛОТ ЈА ПРЕЗЕМА СУДБИНАТА ОД НЕГОВИТЕ ЛИКОВИ



Доволно му имаше излезено на човекот во авторот да земе и да ја живее реалноста онака како други имаа земено да му ја кројат со сосема истиот аршин кој имаше земено да ја прави привилегирана само нивната класа, но не и слоевите подолу. Затоа авторот ја презеде судбината во свои раце и ја роди визијата. Бидејќи имаше излезено стар и немоќен сам да ја отсонува, своите погледи ги подари на неговите ликови кои немаа намера да се откажат од неа се до последната страница. Авторот подготвувајќи се да создаде едно дело, покрај темата има земено да се подготвува и за ликовите, било да излегле главни или споредни. Во секој случај предност има земено да им дава на главните ликови, всушност има земено да се подготвува да ги проектира визионерски сопствените ликови во сопствените дела.

**Проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ**

## ПРОЕКЦИЈАТА НА АВТОРОТ НИЗ ПАТОПИСОТ



Уметничкиот креатор ги одбира личностите што ќе ги обработува, слика,ваја, опишува, воспоева, разбирливо според својот афинитет кон нив, или како пандани на спротивставените сфаќања за нив.

Овој своевиден однос кон луѓето, кон светот, кон цивилизацијата, можеби открива напласти на восприемања кај самиот автор, чиј дух, од друга страна, се самооткрива. На подолгите патувања патописецот има можности да длаби и открива непознати суштини во намерниците со кои се среќава. На разни меридијани и простори.

**Мирјана Стојановска Палигора**



## ПОЕЗИЈАТА – ЛИЧНО ЕМОТИВНА, ИМАГИНАРНА, НО И КОНКРЕТНА СТВАРНОСТ



Како свое искуство, морам да ја потврдам вистината за поетското писмо, дека поетите, всушност, во својата бивалентност сакаат да искажат една тешка реалност од нивниот живот на која и се спротивставувааат од дното на душата, а го изразуваат преку поетскиот израз каде вистината и не мора да ја кажат директно, во очи. На таков начин, од својот проблем тие прават своевидно уметничко, јазичко– естетизирано дело, кое претставува лично емотивно, според својот внатрешен свет, имагинарно дело кое во најдиректна смисла има врска и е одраз на реалноста, на стварноста. Тоа дело продолжува да живее самостојно, без својот создател, со јавноста. Конечно, тое е целта на творечкиот чин, на уметничкото создавање.

**Добре Тодоровски**

## АВТОРОВАТА ПОРАКА ПРЕКУ ЛИКОТ НА ДЕЛОТО

Во зависност од тоа каква тематика се обработува, во која просторна и временска димензија се одвива дејството, секој автор, во своето дело вградува дел од сопствените животни случувања и искуства, кои се одвиваат во детството или подоцна, било како учесник во настанот, набљудувач, или ползувач на раскази пренесувани од колено на клено.Оттаму, авторовата идентификација може да се препознае во повеќе дела.

# СРЕДБА СО АЈРИ ДЕМИРОВСКИ

Авторот на песната „Битола мој роден крај", Ајри Демировски на почетокот од месец март ја доби наградата „Прв почесен граѓанин на Општина Битола", а исто така ја доби наградата „Лице на годината" на Битолски весник. При посетата на Битола ја посети и Библиотеката.





*Приредил Драги Кабровски*

# ПОПУЛАРИЗАЦИЈА НА КНИГАТА ПРЕДАВАЊА, ПРОМОЦИИ, ИЗЛОЖБИ

**18.01.2008 г.**
**IN MEMORIAM-НИКОЛА КЉУСЕВ (1927-2008)**
**ИЗЛОЖБА**

По повод смртта на Академик **Никола Кљусев,** прв премиер на самостојна и суверена Македонија во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги, на која беа изложени сите негови книги што тој ги напишал, вкупно 34, од областа на литературата и економијата, а кои се составен дел на фондот на Библиотеката. Изложбата беше поставена до **04.02.2008** година.

**23.01.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**



На 23.01.1862 г. во Цариград умре **Димитар Миладинов,** македонски народен преродбеник, поет, учител, публицист и научник. Беше собирач на народни умотворби и основач на македонската етнографија. Неговата поезија е со изразит лирски темперамент, а неговото творештво се состои од неколку лирски целини. Заедно со својот помлад брат Константин водеше организирана борба против денационализаторството, панелизмот и практиката на грчката Влада на македонските подрачја. Роден е во **Струга**, на **23.01.1810** година.

По тој повод во холот на Библиотеката беше приредена изложба на книгите од овој истакнат македонски преродбеник како и од неговиот брат **Константин.** Изложбата траеше до **4.2.2008 г.**

**06.02.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**

На 06.02.1893 г. во Охрид умре **Григор Прличев,** еден од најпознатите македонски писатели од **19** век. Меѓу најпознатите негови остварувања се поемите **„Сердарот“ и „Скендербег“** и познатото дело **„Автобиографија“.** Со поемата **„Сердарот“**, за која на поетскиот конкурс во Атина доби **ловоров венец,** ја издигна македонската литература меѓу најпознатите книжевни остварувања на Балканот во своето време. Роден е во **Охрид,** на **30.1.1830 година.**

**09.02.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**

**Фјодор Достоевски** е роден во Москва на **11.11.1821** година. Неговото влијание врз развојот на светската литература е од извонредно значење. Поради револуционерната активност беше прогонет во Сибир. Меѓу неговите најпознати дела се романите и расказите „Бедни Луѓе“, „Бели ноќи“, „Злосторство и казна“, „Браќата Карамазови“, „Идиот“, „Записи од мртвиот дом“ и други. Големиот руски и светски писател умре во Петроград на 09.02.1881 г. По тој повод во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги.

**15.02.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**

На 15.02.1839 г. во Велес е роден **Рајко Жинзифов,** преродбеник и публицист. Во своите песни го опеа славното и тешко минато на македонскиот народ. Најпознато негово дело е поемата **„Крвава кошула“**. Умре во Москва на **15.2.1877** година.

По повод денот на неговата смрт во Библиотеката е поставена изложба на книги.

**21.02.2008 г.**
**ДРЖАВЕН АРХИВ –**
**ОТВОРАЊЕ НА ИЗЛОЖБА**

НУУБ – Битола на 22.2.2008 година во холот на Библиотеката приреди изложба на книги издадени од **Државен Архив на Македонија.** За издавачката продукција говореше директорот на Архивот д-р **Зоран Тодоровски,** а во склоп на тоа истиот ден, со почеток во 12 часот, во салата за промоции на Библиотеката се одржа и **промоција на изданијата:**

**-Чехословачки дипломатски документи за Македонија,** *во избор и редакција на проф. д-р* **Новица Велјановски** *и проф. д-р* **Јан Рихлик** *и* **Крсте Мисирков, Писма, 1912-1917,** *во предговор и редакција на д-р* **Растислав Терзиоски.** За промотор проф. д-р **Новица Велјановски**

**– Македонија во времето на Османлиското владеење,** *во редакција на д-р* **Драги Ѓоргиев и**

**– Турски документи за оружените борби во Македонија 1903-1908,** *во превод, редакција и коментар на д-р* **Драги Ѓоргиев.** За промотор д-р **Драги Ѓоргиев**



Присутните гости на промоцијата ги поздрави директорот на Библиотеката г-дин **Науме Ѓоргиевски** кој воедно ги најавуваше и претставуваше гостите.

**25.02.2008 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА**

Ученици од осмо одделение од училиштето **„Гоце Делчев"** заедно со наставничката ја посетија Библиотеката при што г-дин **Драги Кабровски,** вработен во Библиотеката на културни активности, ги запозна со значењето на Библиотеката како културна установа и начините за компјутерското пребарување на саканата книга.

**26.02.2008 г.**
**IN MEMORIAM - БОРИС ТРАЈКОВСКИ (1956-2004)**
**ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ И ТЕКСТОВИ**



По повод четиригодишнината од трагичното загинување на претседатело на Р. Македонија, **Борис Трајковски**, и делегацијата при падот на авионот кај Мостар, на 26.02.2004 г., во холот на Библиотеката беше поставена кратка изложба на фотографии и текстови објавени во весниците деновите кога се случи трагичниот настан.

**26.02.2008 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА**

Околу 90 првачиња од основното училиште **„Стив Наумов"** ја посетија Библиотеката. Посетата беше реализирана во рамките на соработката што Библиотеката ја има со училиштата. Учениците ги прифати г-дин **Драги Кабровски.** Потоа учениците ја разгледаа и детската библиотека каде беа запознати со нејзината улога и значење и беше разгледан книжниот фонд. Децата пројавија голем интерес за зачленување во Библиотеката.

**03.03.2008 г.**
**СРЕДБА СО АЈРИ ДЕМИРОВСКИ ВО БИБЛИОТЕКАТА**



**05.03.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**

По повод годишнината од смртта на **Манаки,** на 05.03. 1946 г., во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги посветени на Браката Манаки од фондот со кои располага Библиотеката. Милтон Манаки е роден во 1880 г., во с. Авдела, Костурско.

**07.03.2008 г.**
**ПРЕДАВАЊЕ И ИЗЛОЖБА**

По повод **8 Март – Денот на жената, Здружението на уметници ракотворци „Македонски ракотворби" – Битола и НУУБ – Битола,. во** салата за промоции на Библиотеката, во **18 часот** организираа **Трибина** на тема **„Жената низ традицијата и современото живеење".** Воведничар на темата беше г-ѓа **Павлина Јовановска,** а со свои излагања учествуваа г-ѓа **Јулијана Петровска** претседател на ЗУР, г-ѓа **Даринка Крстанова** почесен конзул на Руската Федерација во Битола, г-ѓа **Марија Герас – Дочовска** претприемач од Битола и г-ѓа **Биљана Опашинова** од Организацијата на жени од Битола. Исто така, во холот на Библиотеката беше отворена **Изложба** на книги насловена **„Жени писатели од Македонија".**

**IN MEMORIAM – АРТУР КЛАРК (1917-2008)**
**ИЗЛОЖБА**

По повод смртта на англискиот писател Артур Кларк, во холот на Библиотеката беше поставена изложба на неговите дела кои спаѓаат во редот на најчитаните книги во Библиотеката.

**25.03.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**



По повод **63–** годинишнината од основањето на Библиотеката и Годината на македонскиот јазик, НУУБ – Битола подготви двонеделна програма.

Поздравна реч на отворањето на изложбата имаше г-дин **Науме Ѓоргиевски**, директор на Библиотеката.

Институтот за македонска литература го претстави д-р **Лорета Георгиевска-Јаковлева**, директор на Институтот. Промотори беа д-р **Марко Китевски** и д-р **Илија Велев.**

**27.03.2008**
**МИНИ САЕМ НА КНИГИ**



Од Издавачката куќа **„Феникс"**– Скопје, најновите изданија ги претстави нејзиниот директор, г-дин **Христо Петрески.**

Саемот траеше од **27 март до 04 април**. Го **посетија организирано сите ученици од основните училишта во градот.**

**04.04.2008 г.**
**СРЕДБА СО ЕЛКА ЊАГАЛОВА**



НУУБ – Битола, Издавачката куќа **"Макавеј"**– Скопје и Генералниот конзулат на **Р. Бугарија** во Битола, во салата за промоции организираа **Литературна средба со Елка Њагалова,** поетеса од Република Бугарија и промоција на нејзината книга **"Ние".** Промотори на книгата беа **Санде Стојчевски и Бранко Цветковски,** од Скопје.

Свое обраќање имаа конзулот на Република Бугарија во Македонија, г-дин **Наум Кајчев** и поетесата, г-ѓа **Елка Њагалова,** која пред гостите се претстави со краток избор од нејзината поезија.

**07.04.2008 г.**
**ПОСЕТА ОД НОРВЕШКА**



Библиотеката беше посетена од норвешка делегација која ја прими директорот на Библиотеката г-дин **Науме Ѓоргиевски** и истата донира книги за Библиотеката, меѓу кои и повеќе примероци од Политичка филозофија, од норвешки автори, а преведена на македонски јазик. Делегацијата од страна на директорот беше запозната со работата на Библиотеката, а потоа ја разгледа Библиотеката.

**11.04.2008 г.**
**КНИГА „БИБЛИОТЕЧНО РАБОТЕЊЕ“**



НУУБ „Св. Климент Охридски“– Битола организираше промоција на книгата “**Библиотечно работење“**, прирачник за сите видови библиотеки: Книга 1, Акцесорна обработка на библиотечниот материјал и нејзина примена во автоматизираното работење, од **Благој Николов,** библиотекар-советник.

Книгата ја промовира г-дин **Богомир Наумоски,** библиотекар-советник од Библиотеката во Струга. Присутните гости на промоцијата во име на директорот ги поздрави г-дин **Драги Кабровски.**

**23.04.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА**

Денот на смртта на тројцата светски познати писатели: **Сервантес, Шекспир и Лопе Де Ла Вега 23 Април, УНЕСКО** го избра за **Ден на светската книжевност,** кој во многу земји на сите континенти во светот го слават како **Светски ден на книгата и авторското право.** Идејата потекна од **Каталонија,** на овој ден тој што ќе купи книга да добие еден цвет.

По овој повод во Библиотеката беше поставена **изложба** на книги од горе спомнатите светски познати писатели. Таа беше посетена и од учениците од основните училишта во градот.

**30.04.2008 г.**
**ГРУПНА ПОСЕТА**

Учениците од четврто одделение при основното училиште **„Св. Кирил и Методиј“**, ја посетија Библиотеката при што со нив краток разговор водеше г-дин Драги Кабровски. Учениците пројавија голем интерес и низ повеќе поставени прашања беа објаснети многу работи кои се однесуваат на работењето, дејноста и развојот на Библиотеката од нејзиното формирање до денес. Практично им беше објаснет начинот на кој се пребарува саканата книга преку компјутерите поставени во холот на Библиотеката.

**30.04.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА ДВЕ КНИГИ**

**НУУБ – Битола, Македонското научно друштво од Битола и Книгоиздателството „Македонска искра“**од Скопје организираа свечена промоција на историските дела:

**1. Историја на македонскиот народ од антички времиња до денес,** од авторот **Ристо Стефов** од Канада. За промотор дипл. археолог **Аница Ѓоргиевска** од Битола.

**2.Од Панонија до Егеј,** автори: академик **Антоније Чкокљев-Дончо и Славе Николовски-Катин** од Скопје. За промотор проф. д-р **Вера Стојчевска-Антиќ** од Скопје.



**14.05.2008 г.**
**ПОСЕТА ОД ПОЛСКА**



НУУБ – Битола, по повод гостувањето на делагацијата на библиотекари од градот **Вроцлав од Полска** во холот на Библиотеката организираше изложба на книги од полски писатели, насловена како **“Полската книжевност во минатото и денес“**. Делегацијата ја прими директорот на Библиотеката, г-дин **Науме Ѓоргиевски.**

**16.05.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА НА ДВЕ КНИГИ**



НУУБ – Битола организираше промоција на две книги: **„Битолскиот градски говор“ и „Да не заборавиме кои сме“** од авторот проф. д-р **Кирил Трајковски** од Битола. Промотор на книгите беше писателот од Битола, г-дин **Радован П. Цветковски.**

**Во рамките на манифестацијата “Битола град на културата 2008“ и 24 Мај – Денот на словенските просветители Кирил и Методиј, НУУБ – Битола ги организираше следните културни активности:**

**21.05.2008 г.**
**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ**
По повод одржувањето на **35**-тото Годишно собрание на **Библиотекарското друштво на Македонија (БДМ),** во холот на Библиотеката беше поставена изложба на книги од областа на Библиотекарството за неговиот историјат и развој. Публикациите што беа изложени беа од стручен карактер за библиотекарството.

**22.05.2008 г.**
**35. ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА БДМ**



Во организација на Библиотеката, Библиотекарското друштво на Македонија го одржа 35 –то Годишно собрание во салата за промоции. Меѓу присутните гости кои го поздравија Собранието беа градоначалникот на Битола г-дин **Владимир Талески** и **г-ѓа Анета Стефановска,** пратеник во Парламентот на РМ. Збор зедоа **претседателот на БДМ**, г-ѓа **Сузана Котовчевска** и **директорот на НУУБ – Скопје**, г-дин **Миле Бошески**.

**22.05.2008г.**
**ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА БИТОЛСКИТЕ ПИСАТЕЛИ**



Истиот ден во **18.00** часот во салата за промоции беа претставени **17** роднокрајни автори учесници на **Третата роднокрајна средба на битолските писатели од Македонија,** под медијаторство на д-р **Николче Вељановски.** Секој од писателите прочита по еден краток цитат од поновото сопствено прозно, или поетско творештво.

**23.05.2008 г.**
**ТРКАЛЕЗНА МАСА**



Следниот ден (**петок**) во **12.00** часот во Роднокрајната читална беше организирана Тркалезна маса со роднокрајните битолски писатели од Македонија на тема „**Главниот лик – проекција на авторовата визија**".

**26.05.2008 г.**
**ПЕТТИ САЕМ НА КНИГАТА**



Во **понеделникот,** во **20.00** часот, во организација на Библиотеката свечено беше отворен **Петтиот „Саем на книгата Битола 2008"**, пред Народниот театар. Саемот за отворен го прогласи градоначалникот на Општината г-дин **Владимир Талески**. Пригоден збор имаа и директорот на Библиотеката, г-дин **Науме Ѓоргиевски** и носителот на листата на гласачкото место за Битола, г-дин **Антонио Милошевски** министер за надворешни работи **на Македонија.** На саемот учество зедоа преку триесет издавачи од Македонија и тој траеше од **26 до 31 Мај 2008** година.

**28.05.2008 г.**
**ПРОМОЦИЈА**

НУУБ – Битола и Издавачката дејност „**Апекс**" од Битола во рамките на манифестацијата „**Битола, град на културата за 2008 година**", организираа свечено претставување на годишната продукција на книги по



конкурсот од фондацијата „**Ванчо Николески**". Едицијата брои вкупно **15** наслови од млади битолски поети и поетеси.

Присутните гости, од името на директорот, ги поздрави г-дин **Драги Кабровски.** Авторите на книгите ги најавуваше г-дин **Илија Мерковски,** одговорен на издавачката дејност **„Апекс"**.

**ПРОМОЦИИ НА ЧЕТИРИ КНИГИ**

НУУБ – Битола, во рамките на манифестациите **"Битола град на културата 2008" и "2008 година, Година на македонскиот јазик"**, организираше промоција на книги:

**05.06.2008 г.**



**„Кога те молев да пораснеш"** од **Иван Антоновски** од Скопје. Промотор на книгата беше проф. д-р. **Вера Стојчевска Антиќ.**

**06.06.2008 г.**

**„Зaзидана врата"** од авторот **Мирјана Стојановска– Палигора** од Битола. Промотори на книгата беа: проф. д-р. **Венко Андоновски** и проф. д-р. **Вера Стојчевска Антиќ** од Скопје.

**10.06.2008 г.**

**„40 поклоненија пред гробот на Св. Кирил Филозоф во Рим"**, од авторите **Вера Стојчевска Антиќ, Славе Николовски – Катин и епископ Климент.**



Промотор на книгата која детално ги опишува поклоненијата на македонските великодостојници и претставниците на македонската држава пред гробот на Свети Кирил Филозоф во Рим, беше г-ѓа Анета Стефановска, виш библиотекар. Таа истакна дека учеството на македонската научна мисла, како и уметничките дела создадени по тие поводи заземаат значајно место во промоцијата и заедништвото меѓу Македонија и Италија, а се фактографски застапени во ова дело.

**10.06.2008 г.**

**„Свети Климент Охридски“ од Вера Стојчевска Антиќ.** Промотор беше д-р Николче Вељановски кој истакна дека ова џепно издание има цел да ја приближи содржината до секој Македонец. Книгата има три дела: Пофално слово за Свети Климент Охридски од некој негов анонимен ученик; Пофално слово за свети Кирил и поетски и прозни творби од македонски автори посветени на свети Климент Охридски.

**26.06.2008 г.**

**ИЗЛОЖБА НА КНИГИ ВО СОФИЈА**



**НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола** организираше изложба на 300 книги под наслов „Македонија од антиката до денес“, во Културно-информативниот центар на Р. Македонија во Софија, Р. Бугарија. Изложбата како проект поддржан од Министерството за култура траеше две недели. По затворањето на изложбата книгите им беа отстапени на КИЦ.

## ОДДЕЛ ЗА ЗАЈМУВАЊЕ И УСЛУГА ЗА ВОЗРАСНИ

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Гордана Марковска*

1. НИКАДЕ БЕЗ ЌЕРКА МИ – Вети Махмуди
2. ЖЕНАТА ВО ЦРВЕНО – Елеин Гоугде
3. ПОЛОВИНА ЖОЛТО СОНЦЕ – Чимананда Адичи
4. ДЕЛОВНА ПРИДРУЖБА – Ценет Енцел
5. ЌЕРКАТА НА ЧУВАРОТ НА СПОМЕНИТЕ – Ким Едвардс
6. ЦЕНАТА НА ЕДНО ДЕТЕ – Мари Франс Бот
7. МАЧКА И ГЛУШЕЦ – Џејмс Патерсон
8. ПЕТТОТО ДЕТЕ – Дорис Лесинг
9. ЖИВОТНО ВО СРЦЕТО – Кристина Коменчини
10. СВЕТСКАТА МУДРОСТ – Ингрид Холцхаузен

## ДЕТСКА БИБЛИОТЕКА

### БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВИ ПРЕПОРАЧУВААТ

*Приредила Стеванка Петковска*

1.МОДРИ СЛОНОВИ – група автори
2.РУСКИ БАЈКИ
3.И СЕ ЗАРАДИ ФАРАОНОТ – Ј. Дубоа
4.ТАЈНАТА НА ЗЛАТНИОТ ЦВЕТ – Ефтим Клетников
5.ПЕПЕРУГА ВО КОЖАТА – Лу Вирџинија
6.ЈОНЧЕ ШИКЛА – Михо Атанасовски
7.СЕНКИ – Анкица Стојаноска
8.МИЛЕНИЧЕТО МОМЧЕ – Ѓорѓи Прчков
9.СОНОТ СО СПОМЕНКА – Горјан Петревски
10.ЛЕОН – Дитрих Мејер

# ОСВРТ КОН „НАЈГОЛЕМОТО ЧУДО НА СВЕТОТ“ ОД ОГ МАНДИНО

*Приредил д-р Николче Вељановски*
*библиотекар советник*

Авторот е претседател на издавачкиот одбор на списанието „Успех“. Старинарот, старецот Сајмон Потер, кој постојано ги храни гулабите на плоштадот, на еден свој специфичен начин различен од оној на другите старци на плоштадот, е мудрецот преку кој авторот му ја дава на човештвото пораката за едната и заедничка цел на сите луѓе претставени во симболиката на иглата и малото бело парче ткаенина кои сите го носат на својот ревер. Тој трага по човечкиот отпад, по луѓето што другите ги отпишале, или тие самите се отпишале себеси, но во кои се уште постои големиот потенцијал на себеоткривање.




Старецот го носи авторот во својата библиотека и му раскажува за своето гледање на најголемото чудо на светот – воскреснувањето од „живата смрт“. А чудата секогаш настануваат преку човекот. Според него, повекето луѓе се веќе мртви. Прифатиле да живеат како медиокритети, да очајуваат дење и да плачат ноќе. Човекот сам себе се создава преку своите мисли кои или го уништуваат или го носат до рајските порти, односно човекот станува божествено совршенство. Според Сајмон, камен темелникот на среќата е „вистинскиот избор“. Кога се раѓа детето на уво му е шепната вистината за таткото, односно за заедничката цел на човештвото, но со оглед на светот во кој расти почнува да се прашува дали го сака повеќе татко си или мајка си, братот или сестричката? Исто така се прашува и кого го мрази најмногу? На детето, а потоа како на возрасен се нешто му фали, па пројавува константно незадоволство. Да не зборуваме за оние на кои им фали по еден родител или двајцата, за оние кои загубиле по некој син или ќерка, она што им е најмило. Неостварените желби исто така го продлабочуваат незадоволството, на оние кои се борат за гола егзистенција. Старецот зборува за една ваква реалност која не е вистинска реалност туку жива смрт, а најголемото чудо на светот е „успехот“, односно воскресението во еден нов живот, нов свет кој е надвор од заблудата и хаосот на „живата смрт“, затоа што многумина имаат желба не само да умрат туку имаат желба да не успеат. Најчесто е прашањето, зошто сме несреќни?

Затоа што сме заборавиле, односно сме го изгубиле самопочитувањето, затоа што сме ја изгубиле верата во себе не си го поставуваме прашањата: Што претставува успехот? Како како да го постигнеме тој успех? Се гледаме во огледалото, но не гледаме ниту трага од некогашните квалитети дадени од Бога. Можеби, ќе рече старецот, за ова се криви повеќемина научници меѓу кои тој ги издвојува: Коперник, кој рекол дека човекот е безначајна прашинка во Божјиот универзум, Дарвин, со теоријата на еволуцијата, ќе рече дека човекот настанал од мајмун, а по Дарвин дошол и Фројд кој тврдел дека не ги разбираме нашите мисли затоа што нивниот корен се наоѓа во искуствата во најраното детство и тн. Успехот е самиот човек кој се надминува себеси. Исус рече „оставете ги мртовците да ги закопуваат своите мртви татковци, а вие кои сте подготвени тргнете по мене!“. Успехот е во човекот и човекот е успехот во кој се наоѓа најголемото богатство и најголемото чудо на светот. Тој ги изнесува своите четири правила за постигнување на успехот, односно за постигнување на сопствената срека преку промена на својот свет. Според него, само човекот и тоа секој на свој начин, има моќ да донесе конечна одлука за својот живот. За да преживее оваа планета, секој мора на крајот и самиот да стане старинар, а не да чека блиските да го спасуваат. ... Тоа време доаѓа.

# КИНЕСКИОТ ЅИД



*Приредила Лидија Мирчевска, виш библиотекар*



**К**инескиот ѕид – најголемата одбранбена градба на стара Кина претставува едно од Светските архитектонски чуда. Изградбата на големиот зид траела повеќе од 2000 години (опфаќа период од 770-476 г. п.н.ера и 475-221 г.п.н.ера, па се до крајот на владеењето на династијата Минг (Ming), 1368 – 1644 год.).

Во периодот од (770 – 476 г.п.н.ера) се појавиле седум војводства по должината на реката Хуанг (Huanghe) (Жолта река). Државата Чу (Chu), прва подигнала заштитен ѕид, со што го спречила налетот од непријателот. Останатите војводства го направиле истото, подигајќи заштитни ѕидови. Во тоа време државите Јан (Yan), Зао (Zhao) и Кин (Qin), често биле пустошени од страна на Хуните, моќното номадско племе. Токму затоа и овие држави биле принудени да изградат одбранбени ѕидови со постојана војска, која била поставена по целата северна граница. Така почнала градбата на она што кинезите покасно го нарекле ГОЛЕМИОТ ЅИД.

Кун Ши Хуанг (Qun Shi Huang) во 221 г.п.н.ера ги покорил останатите шест држави – војводства, со што ја обединил Кина во централно феудално царство, а тој станал прв император на династијата Кин (Qin) (221-207 г.п.н.ера). Поради сигурност на земјата од непредвидливите напади на номадските племиња од север, наредил изградба на Големиот ѕид во должина од 5000 km., кој почнувал од заливот Лиаодонг (Liaodong) на исток, а завршувал во местото Линтао (Lintao) во западната провинција Гансу (Gansu). Дел од Големиот ѕид, западно од реката Хуанг (Huanghe), имал значајна улога во обезбедувањето на патот спрема запад (Централна Азија).

Со доаѓањето на династијата Хан (Han) во Кина, продолжува градбата на Кинескиот ѕид. Владетелите од сите кинески династии помалку или повеќе го доградувале кинескиот ѕид.

Големиот ѕид од времето на династијата Минг (Ming) (1368 – 1644год.) претставува најсовршена градба, гледано од точка на одбранбена архитектура. Оваа изградба





траела преку 200 години. Градбата на ѕидот почнува на Запад кај превојот Дијугван (Dijuguan), во кинеската провинција Гансу (Gansu) и завршува на Исток кај превојот Саухаигван (Sauhaiguan), во провинцијата Љаонинг (Ljaoning).

Кинескиот ѕид поминува преку 9 провинции, многу градови и автономни покраини. Вкупната должина е околу 7300 km. Како одбранбен објект подигнат е во планински простор и опфаќа многу сложен релјеф бидејќи поминува низ пустини, степи и мочуришта. Градителите на ѕидот применувале различен материјал во зависност од релјефот на кој го граделе ѕидот. Ѕидот однадвор е подигнат од огромни камени блокови, а одвнатре бил исполнет со ситни камења и земја. Висок е околу 10м, на врвот широк 4 до 5м (доволен за премин на коњи, за маневрирање на војската, како и за превоз на жито и оружје). Од внатрешната страна на ѕидот биле изградени камени скали и ходници. На големиот ѕид се изградени десетици илјади кули – осмотрачници. Градени се во склоп со ѕидовите, обично на врвовите од планините и на точките кои можат да се видат и од големи далечини. Кулите се на 2 – 3 ката и во нив се сместувало оружјето и житото. Тие служеле за одмор на граничарите, а во случај на појава на непријателот од нив се пуштал алармен сигнал – пламен и чад, така што војната управа одлучувала како да се превземе воена акција.

Кинескиот ѕид е одраз на умот и трудот на милиони работни луѓе во древната Кина. Во неговата изградба учествувале околу 300 000 војници, како и многубројното кинеско население. Во еден документ пишува дека при изградбата на ѕидот (рачно, без машини, само со помош на коњи) умреле многу луѓе.

Денес кинескиот ѕид нема воена улога. Убавината на ѕидот се гледа во неговиот голем замав, цврстина и величественост. Кинескиот ѕид, кога се гледа однадвор личи на монументален летечки змеј, а кога се гледа одблиску ни дава една магична слика полна со уметничка убавина. Тој има голема историско – културна и туристичка вредност. Во Кина често се зборува: „Кој не бил на ѕидот, тој не може да биде оценет за јунак". Многубројните домашни и странски гости се чувствуваат почестени што можат да се искачат на ѕидот. Годишно го посетуваат десет милиони посетители.

По основањето на Народна Република Кина, се презеле неопходните мерки за заштита на кинескиот ѕид од пропаѓање. Некои делови на ѕидот се добро зачувани и реновирани. Ѕидот е ставен под заштита на државата од 1961 год., а во 1987 год. влезе во списокот на светското културно наследство под покровителство на UNESKO. На 7 јули 2007 год. е прогласен за едно од НОВИТЕ СЕДУМ СВЕТСКИ ЧУДА. Кинескиот ѕид со својата монументалност и величина претставува гордост на целата кинеска нација.

# „40 ПОКЛОНЕНИЈА НА ГРОБОТ НА СВЕТИ КИРИЛ ФИЛОЗОФ ВО РИМ"

## од Вера Стојчевска Антиќ, Славе Николовски Катин и епископ Климент

*Рецезент и промотор Анета Стефановска, виш библиотекар*

Денес имаме можност да ја промовираме монографијата што понапред ја спомнавме. Нејзините почетоци датираат од 1969 година, кога за првпат претставници на Република Македонија и на МПЦ, со посебна програма го посетија гробот на Свети Кирил Филозоф, починат токму во Рим, на 14 (стар стил) февруари 869 година. Од оваа година се до 2008 година, се навршија 40 јубилејни поклоненија на гробот, на создавачот на



словенската писменост. Во основата на старословенскиот литературен јазик браќата Кирил и Методиј го внесоа јужномакедонскиот говор од околината на Солун, кој јазик можеа толку совршено да го познаваат заради македонското потекло на нивните родители. Свети Кирил Филозоф е познат во историјата како даровит полиглот. Го знаел одлично и грчкиот јазик, што го потврдуваат изворите од Магнаурската цариградска школа. Но, да состави совршена словенска азбука, за која лингвистите низ вековите немале никакви забелешки, можел само роден говорител на тој јазик. Токму затоа делегацијата од Владата на Република Македонија

и од МПЦ, со посебен пиетет ги чествува секоја година деновите посветени на Свети Кирил Филозоф во Рим.

Во изминатите 40 години во Рим се одржаа 40 молебени, подготвени од поглаварите на МПЦ, со изречени пофални беседи за Свети Кирил и за неговиот брат Методиј. Познати македонски општественици, научници, писатели, поети, уметници, одржале бројни реферати, пофалби, претстави, музички изведби во Рим, анимирајќи ја италијанската јавност за достигањата на македонистиката, со уважение на кирилометодиевската традиција. Во одредени јубилејни години Рим осамнуваше во знакот на старото македонско културно наследство– изложбите на средновековните македонски икони, на фрескосликарството, ракописното наследство, современото издаваштво, сликарство, склуптура, фолклорното традиционално наследство. Во соработка со Ватикан се имаат одржано значајни научни и културни манифестации. Во 1985 година во Ватиканскиот Урбанијана Универзитет во Рим се одржа Меѓународниот конгрес посветен сн Светите Кирил и Матодиј, каде



што беше вклучена Македонската научна делегација, како и 200 експонати од современото книжевното македонско творештво. Во копродукција со РАИ од Рим и Македонската телевизија, под покровителство на папата Јован Павле Втори, беше снимен долгометражен документарен филм „Светите Кирил и Методиј". Во изминатите години во Рим се промовираа изданијата „Во чест на свети Кирил", а јавноста во Рим беше информирана и за други важни македонски изданија.

Токму затоа, оваа монографија ги бележи сите важни црковни, научни, културни, издавачки настани, подготвени програмски во Република Македонија и презентирани во Рим, во чест на Свети Кирил и Методиј. Во нив се посебно одбележани важните настани поврзани со историјата на МПЦ, со писменоста и културата, постигнати во основа со генијалниот Учител Свети Кирил Филозоф, кој ги оставил зад себе да течат и да се прелеваат низ вековите, антологиските пораки, меѓу кои за нас останува вкоренет во свеста и потсвеста наша следниот полемичен цитат, кога во Венеција им се спротивставиле тријазичниците, не признавајќи го словенскиот јазик:"Не врне ли дожд од Бога еднакво врз сите? А сонцето не грее ли исто така за сите? Зар не дишиме воздух сите еднакво? Па тогаш како не се срамите да признаете само три јазика, а сите други народи сакате да бидат слепи и глуви? Кажете ми дали Бога го сметате толку бессилен што да не може да го даде тоа, или толку завидлив што да нејќе? А ние познаваме повеќе народи што се вешти на книга и го слават Бога секој на својот јазик,. А тие се токму овие: Ерменците, Персијците, Авазгите, Иверците, Сугдите, Готите, Обрите, Турците, Хазарите, Арабјаните, Египќаните, и Сиријците, и многу други…"

# УШТЕ ЕДНО ИЗДАНИЕ НА БИБЛИОТЕКАТА
## Рецензија на книгата „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
## од Вера Стојчевска – Антиќ



*Рецезент и промотор д-р Николче Вељановски, библиотекар советник*

**„Пријдете чеда, приближете се до мене, браќа мои и сестри“.**

**„Погледни, блажен, на своите пилци што си ги одгледал под својот покрив, насладени духовно од твоите методочни зборови и од твојата света наука. Испружи ги нагоре рацете и просвети ги своите ученици,... Секогаш со духот си планина, Клименте! Молете се за стадото ваше.... Клименте, тебе ти се молам, рацете кон тебе ги подавам и солзи леам, колената ги преклонувам, молејќи прошка за моите безбројни гревови“.**

Овие зборови се дел од пофалното слово на еден анонимен ученик на свети Климент Охридски кој во 886 година во Охрид ги удрил темелите на **Охридската книжевна школа** како прв нејзин учител. Тој во Македонија започнал со

интензивна работа за описменувањето на млади и стари во формираната школа. Во неа учениците ја изучувале глаголската азбука. Дури во славистиката се смета дека Климент Охридски намерно заминал во Западна Македонија, која тогаш влегувала во составот на средновековната бугарска држава, за да може таму да ја спроведе мирно целата наследена кирилометодиевска традиција. И, додека во Охрид се ширела глаголицата, во Источна Бугарија, во Преславската книжевна школа, загосподарила кирилската азбука. Од оваа школа излегле 3.500 ученици. Климент распоредувал по 300 од нив во сите делови од Македонија, и на тој начин успевал да ја шири и негува писменоста пошироко.

Ако во првиот дел од книгата посветена на патронот на Библиотеката „Св. Климент Охридски" е претставено пофалното слово на анонимниот ученик, во вториот дел, покрај основните историски податоци за работата на првоучителот кој се истакнал како прв учител, како орагнизатор на Македонската православна црква, како добротвор со стремеж во сѐ да го поучи народот, како родоначалник на средновековната македонска книжевност, дадено е Климентовото пофално слово за Кирил. Во пофалните слова, Климентовиот стил се возвишува, зашто пишува искрени беседи, пофалби за Исус Христос, за Богородица, за свети Јован Крстител, за четвородневниот Лазар, за бестелесните Михаил и Гаврил, исто како и за своите учители Кирил и Методиј.

**„Блажена да е твојата златозрачна утроба од која му истече на мојот народ животворна вода одозгора дојдена со твоите молитви"; „Блажени да се твоите свети нозе со кои го обиколи сиот свет како сонце, просветувајќи со вдахновеното од Бога учење".**

Во суштина, оваа пофалба го прославува целокупното дело на Кирила, создавањето на писменоста за Словените, неговиот напор за нив, саможртвата, силата и вербата со кои пришол кон оваа дејност. Целокупната пофалба е искрена химна за делото на Кирила, божјиот избраник кој им создаде светлина, писменост, на Словените: **„Иако отпосле светна, сепак надмина сѐ, како и Деница, која иако огрева најпосле, со својата светлина ги облева сите ѕвезди кои имаат сончева светлина."**

**„Еве, ни светна, христољупци, светлозрачниот спомен на нашиот преблажен отец Кирил, нов апостол и учител на сите земји, којшто огреа на земјата како сонце со вистинска вера и убавина, како сонце, на трисуш-**



**ното божество, осветлувајќи го сиот свет".**

Третиод дел од оваа книга е избор од поезијата која ги возвишува ликот и делото на Свети Климент Охридски. Тука се песните на поетите: Блаже Конески, Славко Јаневски, Радован Павловски, Матеја Матевски, Јован Котевски, Георги Сталев, Петре Бакевски, Трајан Петровски, Бошко Смаќоски и други.

И би рекле дека една ваква книга од 40-тина страници, која е луксузно **изработена од печатницата „Микена"**, би можеле многумина од нас да напишат. Но вредноста на оваа книга е дотолку поголема што нејзин автор е професор д-р Вера Стојчевска Антиќ, која с**коро половина век живее со духот на овој првоучител,** која целиот свој работен век го мина како книжевен историчар и теоретичар на македонската книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје. Нејзината преокупација е проблематиката на средновековната книжевност во Македонија, словенското ракописно наследство, компаративните согледувања со други книжевности и народни творештва. Беше 15 години координатор за македонистика меѓу САД и Македонија, по кој повод произлегоа 6 меѓународни научни собири и зборници. Има објавено над 600 книги, монографии, трудови и статии. Оваа книга е сублимат, плод на долгогодишната работа на проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ, која во текот на своето истражување за овој наш светител напишала голем број статии, излагања и стручни трудови, некаде **70-тина** на број. Промовира книги за Свети Климент Охридски и во странство. Во 2003 година, во главниот град на државата Охајо, Коломбос, САД, авторката учествуваше, на посебната **Сесија** на американските слависти од Северна Америка, во чест на свети Климент Охридски, кога беше и промовирана нејзината книга **„По стапките на Свети Климент Охридски".** Проф. д-р Вера Стојчевска Антик е добитник на сите републички награди за наука како и повеќе странски награди и признанија.

Чест ни е што во Програмата на градот Битола кој е прогласен за Град на културата за 2008 година имаме можност да ја промовираме оваа книга – ЏЕПНО ИЗДАНИЕ. Овој несекојдневен формат на книга за Свети Климент Охридски има цел да ЈА ПРИБЛИЖИ СОДРЖИНАТА до целата македонска јавност, затоа што преку

ФОРМАТОТ, „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" уште повеќе и побрзо ќе ВЛЕГУВА во срцата на Македонците, притоа освестувајќи не сите за културната и образовната традиција и наследство со голема вредност, за која можат да ни завидуваат не само Балканот, туку и повеќето држави од Европа и светот. Како соработници во подготвувањето на книгата која е во Издание на Библиотеката, се Анета Стефановска, Ленче Андоновска, Гордана Пешевска и рецензентите д-р Николче Вељановски и Јоланда Бошевска. Посебна чест за Библиотеката е тоа што професор д-р Вера Стојчевска Антиќ своето авторство го подарува на Библиотеката во знак на благодарност кон нашата установа, по повод издавањето на персоналната библиографија „Вера Стојчевска – Антиќ", во 2007 година. Уште еднаш и се заблагодаруваме.

**Вера Стојчевска-Антиќ**

# КОН СТИХОЗБИРКАТА „КОГА ТЕ МОЛЕВ ДА ПОРЕСНЕШ", ОД МЛАДИОТ ПОЕТ ИВАН АНТОНОВСКИ

„Љубовта нема граници
Таа сама се раѓа"
Паскал



Родителите и педагозите се во постојан стремеж да придонесат што повеќе за развојот на децата. Сметам дека сите тие ја вложуваат длабинската ангажираност да постигнат успех. Во случајов имаме пример на ученик, поет, мислител, кој постигнал завидни резултати и над возраста во која се наоѓал кога творел. Исто така, во овој случај имаме пример кога сите услови за развој на гимназијалецот Иван Антоновски ги имал, за среќа, на дланка. Ја познавам многу добро мојата пријателка Светлана Антоновска, познат општествен и културен претставник во македонскиот современ живот, – мајката на Иван. Нејзаината љубов, грижа, педагошки насоки, одмерено, но постојано, му ги дарувала на својот син. Познат ми е секој хронолошки успех на Иван, го греело мајчното срце, давајќи му нови стимулси и насоки. А Иван се развиваше онака како што сонува секој родител за судбината на своето дете, а и пошироката фамилија, особено и саканата баба на Ивана –…. Иван раскажува дека и наставниците во гимназијата „Јосип Броз Тито", во која тој е одличниот првенец, му подавале рака на одбраниот пат…. И трето, можеби најважно, генот за беспрекорен и сериозен приод кон обврските, работата, е најубавата и најблагородната дарба на одликашот. Неговиот сестран интерес кон науката, животот, општеството, филозофијата, уметноста, се надополнија со посебниот однос и чувство кон литературата. Токму затоа денес сме тука, да претставиме уште еден успех од творештвото на младиот поет Антоновски.

Иван Антоновски е роден во 1900 година, а веќе пред љубопитниците на поетскиот збор се претставил со пет стихозбирки. Во 1999 година се појави неговиот првенец „Детски мисли" (или „Детски парламент во Македонија"). На анонимниот конкурс на Клубот на писатели во Битола „Стале Попов", неговата стихозбирка „Детско пријателство" беше првонаградена. Истиот Клуб во Битола ја издаде и третата негова стихозбирка „Детски исчекори", во 2001 година. Веќе во 2002 година се појави стихозбирката „Треперења на природата", (Ревија „Екологија" и „Манаја" во Скопје). Четвртата стихозбирка е денес претставената поезија „Кога те молев да пораснеш" („Наша реч", Скопје 2007).

Кога станува збор за целокупноста на поезијата на Антоновски може слободно да се каже дека дарбата кон зборот, тој код на уката, книгата, словото, е толку спонтано надраснувачки предаден, што хронолошки се следи беспрекорно. Во секој случај, се мешаат искрените и секојдневни доживувања на дете, но предадени на хартија со одре-

ден став, мисла. Со други зборови би се рекло: отчукувањата и треперењата на младото момче што спонтано бликнуваат во детскиот свет, се препознатливи во неговото суштинско уживање да ги постави и подреди во одредени рамковни заклучоци, кога Антоновски истовремено ни се претставува како дете со забележителна зрелост.

И неговите песни во стихозбирката „Треперења на природата", полни со однос кон заштитата и љубовта кон природата, негата на еколошките дострели , го доловуваат слободоумникот Иван, кој пее:

„Во природата ја чувсдтвувам слободата".

Ова не навраќа кон рускиот класик Чехов, кој во драмата „Вујко Вања" ѝ дава посебно место на непрегледната руска шума. И Иван едноставно плаче и повикува за „чисто Скопје", „зелена Македонија" и „модра планета Земја". Песната „Балот на листовите" им подава враце на разиграните детски срца, на нивното заедничко пријателување.

Иван Антоновски создава творештво и преку својот постојан дневник. Тој ги бележи настаните што се одвиваат пред неговите очи, постојано демне над компјутерот да не пропушти важен чекор на цивилизаторскиот од, и од тиер страници се раѓаат нови творби, како на пример, од патот во Велика Британија. Како еден од младите амбасадори, во 2004 година ја пропатува и запозна Велика Британија. По враќањето се појави неговиот патопис „Низ големото око на Велика Британија" (Скопје 2005).

Не е случајно што промоциите на книгите на Иван Антоновски привлекуваат и млада и стара публика. Иван станува пример како може да се биде одличен ученик, а да се најде време за сите детски пориви и љубопитности. Едноставно контактите со Иван и неговите творби раѓаат однос кон убавините на младоста, во неговиот случај – испреплетена со зрелост.



Најновата стихозбирка на Иван Антоновски привлекува и со самиот наслов „Кога те молев да пораснеш". Очевидно и самата песна на Ивана му е посебно драга и вредна. Во оваа стихозбирка секоја песна е означена со посебен знак, мисла, мудрост, како срцевина на песната. Спојот на филозофијата на живеењето со младешките неисцрпни пориви е најпривлечниот потфат на поетот. Во истоимената песна мотото е земено од стиховите на Овидиј:

„Во љубовта има толку многу страдања,

Колку што има корупки од школки на морскиот брег."

Почетните стихови создаваат контакт со читателот, непосреден, доживеан, искрен:

„Порасни,
Те молам порасни, малечка,
Ти велев клекнат
Пред твоите колена,
Со букет маргаритки во раката."

И крајот на песната, уште подлабоко доживеан, останува запаметен:

„Јас се извишив,
Ти не порасна.
Станав како жална врба,
А ти остана мала на ливадата.
Се претвори во маргаритка
што мириса на нарцис."

Спојот на разбранетите чувства на младиот човек со мудроста на живеењето доминира и во песната „Тестамент". Мотото е на Паскал:

„Љубовта нема години. Таа секогаш се раѓа."

И Иван љубовта ја остава во наследство преку тестаментот:

„Нека бидат твои сите мои ноќи
што ми биле несудени.
Да имаш кога да ме сонуваш.
Во наследство ти ги оставам
и сите ноќи непроспиени
што ми биле несудени.
Да погледнеш низ прозорецот,
И меѓу свездите да ме побараш."

Иван Антоновски е млад човек, свртен кон позитивистичкиот од на цивилизавијата, лоциран во современите рамки, во кои се одвива нашето живеење. Да му посакаме на Иван Антоновски нови откритија и признанија, како и успех на неговите желби, исполнети досега со возвишените чувства на пријателство и љубов.



**Наградата „Ванчо Николески“, која традиционално ја доделува Друштвото на писателите на Македонија, оваа година отиде во рацете на писателот Петре Димовски за неговиот роман „Големата авантура“. „Тоа е мојот прв роман за деца и млади“, ни рече авторот. Досега има напишано уште пет романи за возрасни, три збирки раскази и една збирка монодрами.**

Тоа е роман за разнебитувањето на едно битолско семејство, распнато на релација Македонија – Австралија, поточно Битола – Сиднеј.

# ПОВИК ДО ПАТНИКОТ 366

Се чувствував и среќен и тревожен. Среќата доаѓаше од поволниот тек на настаните и сознанието дека јас тргнувам на пат кон мама, која многу ми недостига. А тревожноста што сè уште постои опасност да ме откријат, да се сврти лошиот тек на настаните и да се продолжи разделбата со мама, од што ми пукаше срцето.

- Седиш на туѓо седиште, момче! - ми се обрати Ќелавиот Чичко, со широко светнато чело и бумбарести очи, кој ме преплаши со своето појавување.

Толку била мојата среќа, гневно претркалав мисла. Ме открија! Сега Ќелавиот Чичко ќе раструби низ авионот дека некој натрапник му го презел неговото седиште и кога контролорката ќе ми го побара билетот и документите за патување, фатен сум жив. Веднаш ќе ме предадат на полицијата, а таа пред страшната Мони. Просторот пред мене беше темен и треперлив и како да сум паднал надолу со главата, сè ми изгледаше испревртено.

Се подигнав од седиштето изненаден што Ќелавиот Чичко и натаму е спокоен.

- Можеш и да седиш, јас ќе одам на твоето седиште, токму пред него имам свој пријател.

Ќелавиот Чичко тргна и видов кога пронајде празно седиште и се спушти во него. Мислеше дека е моето. Сега сум спасен. А ако некој друг пријде и го стани? Повторно мислата се закани да ми врати тешко исчекување, но со брзиот прелет низ просторот не најдов неседнат човек. На рекламното пано стоеше црвеното светло дека тоалетите се затворени. Тогаш за тоа седиште нема никој! Надежта како светулка ми го осветли срцето.

Авионот затрепери, забревта и силна бучава ги исполни ушите. Замижав. Немав храброст да гледам во тој заканувачки миг на време што сè уште може да ми ја урне среќата. Само да помине уште таа кратка мерка што се зема со секунди, а се издолжува до неиздржлива напнатост и закана да донесе целосен пораз. Да, големите работи најчесто се зависни од најситната мерка на времето, мина низ мене напамет научена мисла. Моторите на авионот ја протресуваат големата летачка направа, јачат и испиштуваат во интензивно забрзување да го досегнат максимумот на моќта која сета оваа тежина од метал и луѓе, од багаж и тешки мисли ќе ја подигне во висините над земјата. Таа надојдена сила го втурнува авионот во страотна трка со звукот. И мачнината што ме приковала во неизвесно исчекување одеднаш се извлекува од мене и ме напушта, преземајќи ме пријатно чувство на олеснително опуштање. Авионот тргна во полетување. Сега се наттрчуваше со времето. Пред мене, на светлосното пано стоеше закопчан појас и натписот под него упатуваше што треба да се преземе. Тогаш забележав дека не сум го закопчал безбедносниот појас и веднаш се опашав со него. Се припив до прозорското стакло и гледав како крај нас бега просторот и ние брзаме да го достигнеме идното време. Авионот како да се ослободил од пресилен стег, силната напната бучава се претворила во рамномерно роморење и натисокот на стомакот ми откриваше дека се одвоивме од земјата и патуваме кон високото небо. А во таа синевина ме презеде глетката во далечината. Good luck Tomy! Тоа беа пердувести меки облачиња испишани по синилото, лебдеа и ми посакуваа добар пат. Кој можел да го намисли и изведе тоа? Џек беше тука со нас, не би имал време за такво нешто. Дали некој од дружината го порачал? Никој, та ни јас не знаев дека ќе полетам. Кејси? Ах таа мала палавка, таа ѓаволеста Кејси! Дали знаеше нешто што ние од дружината не го знаевме, па се договорила со својот вујко пилот да ми испрати несекојднен поздрав, испишувајќи

со авионот по небото? Мислата ништо посигурно не можеше да открие.

Авионот се приближуваше кон написот на небото, мина низ венецот на **о-то** и излеговме кон чистото синило.

Бев среќен. Бев пресреќен.

Буквите како разлетани птици ми мавтаа со крилјата. Долу ми мавта и мојата дружина. Тоа се чувствува. Погледнав кон земјата. Имав широк опфат на погледот. Како да сум пред училишната маса во мојата одаја и тука е сѐ нацртано. Патиштата по кои се тркалаат малите возила, во минијатура и со забавено движење што може целосно да се посматра. Планините, дрвјата, полињата, фармите се под мене.

Во далечината искосуваат светли осила, се темнее и се згуснува темнилото.

Гласот на пилотот ме тргнува и сфаќам дека сум во авионот кој лебди некаде во високото небо, меѓу земјата и небото. Завладеала една тишина низ која се пробива усталениот шум на моторите, а движењето не може да се насети по ништо.

-Чувајте ги појасите врзани! Надлетуваме над Блектаун. Долу владее силно невреме и ќе се најдеме во вртежот што ќе предизвика потреперување на авионот. Тоа е вообичаено и да нѐ ве зафати вознемирување. Чувствувајте се удобно и пријатно!

Набрзо можев да ги видам облаците. Јас бев во нив. Се цедеа тука пред моите очи. Авионот се вовираше низ нив и со крилјата откинуваше влажна магливост. Битката беше пред погледот. Авионот потреперуваше, пропаѓаше и се подигнуваше, создавајќи мала мачнина во стомакот и треперлива вознемиреност во душата. Се убедував дека сѐ е во најдобар ред и настојував внесено да гледам низ прозорецот и да не испуштам ни миг од возбудливите доживувања. Авионот беше наполно скриен во облаците. Патуваше низ нив или со нив, а ги немаше ни небото ни земјата и ме преземе меланхолично чувство. Ме следеше стравот да не се случи нешто. За миг се почувствував сам и изгубен. Го завртив погледот во внатрешноста од авионот. Тука владееше спокојна тишина и само мислите беа присутни, залутани во разни предели и фантазии.

Кога повторно погледнав низ прозорецот имав чисто јасно небо со синевина. Под нас беа бели пердувести облаци, како вечни скаменети статуи без помрднување и движење, а меки, блеснати од сонцето со една волшебна примамливост да се допрат. Ние брзавме кон височините. Ние бевме господари на бескрајниот простор и пробивавме низ него со шумот на светлината. Авионот спиеше во мирното небо на соништата. Јас еве сега ќе станам, ќе зачекорам низ празнината, и тој останат во својот сон ќе ме очекува до моето враќање. Веќе нема никаква опасност ни од Мони, ни од разделба со мама. Јас сум свој, цврсто зграбен со својата желба во бескрајот. Земјата ја оставивме далеку некаде и не го чувствуваме нејзиниот тревожнозазбивтан ритам на животот. Ние сме во царството на птиците кои толкупати нѐ правеле немоќно загледани кон нивниот лет со завист што ни ги растресува мислите. Сега сме над нив. Ни птиците не можат да ја допрат оваа волшебна висина што го шири спокојството на мислата. Птиците? Каде се тие? Колку високо долетуваат?




Верувам а не можам да поверувам. Јас, седнат така во синото небо лебдам, само мојата мисла може повисоко од мене. Го гледам широкиот отворен простор... го гледам, и пак се двоумам дали да верувам, а за миг го свртувам погледот пред мене и на екранот ја читам височината на која се наоѓам: 9.800 метри. А во мојот поглед лета - птица!

Мајчичке, дали сонувам? Дали сето ова толку убаво и воодушевно што ме носи кон најсаканата средба е само сон? Еден надуен, изнакитен сон што со првиот зрак под клепките ќе се распрсне и од него ќе остане само пајажинесто присетување што мене би ми носело болка! Сон? Не сакам да е сон! Сакам да е вистина и во неа да сум јас со сѐ што ми се случува!

Птицата лесно размавнува со крилјата, чинам ме погледнува, ми се смешка и, останува затворена во мојот сон како нестварна сенка на лажна мисла што не можело да се случи.

- Драги патници! - се разнесе громкиот глас на пилотот. - На височина од 9.800 метри имавме невообичаена глетка: средба со птица орел, господар на височините! Ние не знаеме дали тој уште ќе се извишува, но ние одиме нагоре! Пријатен лет!

Вистина! Чиста вистина! Дали ќе ми веруваат другарите дека горе, во недогледот на небото, кога земјата беше изгубена под далечниот слој на облаците, ле-

тав заедно со царот на височините, орелот?

Бев исполнет со воодушевеност и задоволство. Во исто време му се восхитував и на сонот и на стварноста. Тие се надополнуваа.

Набргу влеговме во ноќта и таа ја распрсна волшебната примама на небото и на земјата. Јас бев во трептеж од ѕвезди. Мал и неподвижно споен со седиштето. А мислата ми беше голема, огромна и се ширеше со пулсирањето на просторот кој во сè поразнобојна светлина се отвораше пред мене. Човекот секогаш сака да ја досегне својата мисла и во таа трка открива недопрени убавини, го слушав гласот на учителот од родниот крај. Не сфаќав од каде се појави тој, но сфаќав што значи да си толку мал, а така голем!

Летавме на височина од дванаесет илјади метри со брзина од илјада и пет километри на час. На екранот стоеше надворешната температура од 56 степени под нулата по Целзиус. Тука во авионот беше многу пријатно.

Се делеше вечера и јас ја поставив масичката пред мене. Бев гладен и со силен апетит започнав да јадам.

И само што мина вечерата, а ме преземаше трепетот на малите светилки во авионот и низ отвореното пространство, од звучниците се разнесе повикот:

- Во пилотската кабина да се јави 366-от патник!

Што е сега ова?

Ме здрви. Почувствував некаков сомнеж, нешто притаено и недоречено. Дали тоа се однесува на мене?

Во тој миг не знаев што се случуваше во кабината на пилотот, меѓу посадата на авионот.

А штотуку се поделила вечерата, стјуардесата што се вратила последна побарала уште еден оброк за уште еден патник. Било подготвено точен број на оброци, а во тој миг, кога го побарала стјуардесата последниот оброк, се констатирало дека го нема. Навидум ништо вознемирувачко за еден оброк, авионот секогаш понесува резерви од храна, не е ни да се троши на него мисла. Но на овие висини поинаку се прифаќа тоа. Каде отиде тој оброк? Овде секогаш сè се знае и е под целосен увид и контрола. И малата невообичаена ситница растревожува. Растревожило и исчезнувањето на еден оброк. Не било ни до неговата цена. Секој од послугата би прифатил да го стават на негова сметка. Но кој го зел? Колку патници, толку оброци! Има ли 366-ти патник?

Тоа создало неред во мислите на посадата. Секој размислувал на свој начин а секој се преплашувал од истото. Кој е тој 366-ти патник и каква му е целта? Зошто до сега не се огласил?

Сепак да не е само обична забуна, грешка во броењето, превид, самоизмама? Го повикале компјутерот на помош. Тој ја кажал вистината што нив ги држеше во своите бодежни канџи. Со оброците сметката е таа - недостига еден. Што е со патниците? И овде компјутерот е конкретен и точен. Еден патник не пристигна до полетувањето, беше јавено дека поради здравствени причини го одлага летот. Тој не дојде. Едно седиште **е празно**.

Стјуардесите сомнежно завртија со главите и се растрчаа низ авионот да ја проверат својата вистина: не најдоа празно седиште.

Сè се одвиваше во најголема тајност и под превезот на вообичаената љубезност за да не предизвика несакано вознемирување. Уште повеќе што никој не знаеше во што е затворена вистината, која е и каква.

Стјуардот, откривајќи го Ќелавиот Чичко на слободното седиште, љубезно и внимателно го повика да се јави во преткабината на едно мало појаснување. Човекот без никаква вознемиреност стигна на повиканото место. Кај него сè беше регуларно и чисто, освен што седеше на слободното седиште, а на неговото седеше - друг. Сега кај сите од екипажот беше јасна ситуацијата. Во авионот имаат 366-ти патник кој тајно се провлекол и кој не дошол со добри намери.

Стјуардесите требаше веднаш, дискретно и незабележливо да го пронајдат тој човек и да го известат капетанот за неговиот однос и држење кон летот.

Стјуардесата што веќе го носеше одговорот, брзаше вознемирено зазбивтана кон кабината.

- 366-от патник е - дете.

- Што треба ова да значи? - со поопуштен глас се праша капетанот пред својата екипа. Во него имаше едно олеснително издишување. Првичниот страв, што силно ги вклешти во својата стега, олабавуваше. За терорист, за киднапирање и за почеток на драма со несогледлив крај сега не требаше да се мисли. Па тоа е едно дете! Но како стигнало само во авионот?

Не се одѕвав ни на вториот повик. Растреперен, очекував што ќе се случи.

Додека се гасеа светлата и патниците се подготвувавме за сон, над мене се наведна стјуардесата од која зрачеше топлата насмевка. Со ѕвонлив, мил, а притаен глас ме праша што сакам да пијам. Побарав кока кола. Таа пребара по количката, не најде и потфаќајќи ме за рака ме повика да појдам со неа за да ми ја даде бараната кока - кола, а таа да понесе друга порачка.

Кога влегов во пилотската кабина, кога го видов моето опкружување од членовите на посадата кои во некое немо исчекување бараа некаков одговор, сомнежот дека сум откриен ми затрепери како единствено сознание.

# БИБЛИОТЕКАТА ВО ПЕЧАТОТ



ДРЖАВНИОТ АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА ПРОМОВИРА ЧЕТИРИ ИЗДАНИЈА

ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ВРОЦЛАВ ВО БИТОЛА

ЕДЕН КАМЕН
ИЗГРАДБА Н
ДЕМОКРАТИЈ

ПЕТТИ САЕМ НА КНИГАТА

ЦЕЛОСНА РЕСТАВРАЦИЈА НА ФАСАДАТА

"МАКЕДОНИЈА ОД АНТИКАТА ДО ДЕНЕС"

ТРЕТА РОДНОКРАЈНА СРЕДБА

"КОГА ТЕ МОЛЕВ ДА ПОРАСНЕШ"

"ЗАЅИДАНА ВРАТА"

ДВЕ КНИГИ СО ЦРКОВНОСЛОВЕНСКА СОДРЖИНА

БИБЛИОТЕКА СО 500 ИЛЈАДИ КНИГИ

СРЕДБА НА МАКЕДОНСКИТЕ БИБЛИОТЕКАРИ

ПЕТНАЕСЕТ КНИГИ ОД ЕДИЦИЈАТА "ВАНЧО НИКОЛЕСКИ"

ИЛЈАДА НАСЛОВИ ОД "ФЕНИКС"

БИТОЛСКИ ГРАДСКИ ГОВОР

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА**
**УНИВЕРЗИТЕТСКА**
**БИБЛИОТЕКА**
**„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**
**БИТОЛА**

**РАСПОЛАГА СО:**

• Богат фонд на книги, часописи, списанија и весници од домашни и странски автори
• Стручни и научни изданија
• Енциклопедии
• Белетристика
• Лектирни изданија
• Критички осврти

**УСЛУГИ:**

• Резервирање и продолжување на библиотечниот материјал по телефон или електронска пошта
• Меѓубиблиотечно зајмување
• индивидуална и колективна читална
• Сала за промоции
• Користење на EBSCO база на податоци
• Пристап до библиотечната база на податоци преку WEB - страната на библиотеката

**ISSN 1409-9497**